20251994015

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.203/22, 76/24 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 23 септември 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИТЕТ ЗА ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ

Член 1

Со оваа одлука се формира Комитет за јавни инвестиции (во натамошниот текст: Комитетот), како меѓу ресорска работна група/комитет на Владата на Република Северна Македонија за разгледување и определување на приоритет на предлог-проектите за јавни инвестиции на централната власт.

Член 2

Комитетот го сочинуваат претседател и 19 члена и тоа:

- министерот за финансии - претседател;
- министерот за одбрана - член;
- министерот за внатрешни работи - член;
- министерот за надворешни работи и надворешна трговија - член;
- министерот за здравство - член;
- министерот за правда - член;
- министерот за транспорт - член;
- министерот за економија и труд - член;
- министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство - член;
- министерот за социјална политика, демографија и млади - член;
- министерот за образование и наука - член;
- министерот за локална самоуправа - член;
- министерот за култура и туризам - член;
- министерот за животна средина и просторно планирање - член;
- министерот за односи меѓу заедниците - член;
- министерот за спорт - член;
- министерот за европски прашања - член;
- министерот за енергетика, рударство и минерални суровини - член;
- министерот за јавна администрација – член и
- министерот за дигитална трансформација- член.

Член 3

На покана од Комитетот, во неговата работа може да учествуваат и други стручни лица од релевантни области, заради давање мислења по прашањата што се на дневен ред на седницата.

Член 4

(1) Комитетот ги врши следните работи:

- разгледување и оценување на предлог проектна идеја чиј Образец за концепт на проект има оценка „задоволително“ во сите оценски прашања;

- одлучува за прифаќање на проектната идеја, согласно целите и приоритетите на Владата на Република Северна Македонија;

- одлучува за која проектна идеја од Листата на оценети и одобрени предлог проектни идеи, чиј Образец за концепт на проект покажал дека проектот има потенцијал за ЈПП, се изготвува пред-физибилити студија за процена на потребата и изводливоста на проектот за јавна инвестиција, со анализа на можностите за финансирање и управување со проектот;

- ги разгледува предлог-проектите од Листата на предложени, разгледани и оценети предлог-проекти за јавни инвестиции;

- за предлог-проектите од Листата на предложени, разгледани и оценети предлог-проекти за јавни инвестиции одредува приоритет за финансирање преку рангирање на предлог-проектите, имајќи ги предвид бодовите доделени врз основа на критериумите за одредување приоритет, како и целите и приоритетите на Владата на Република Северна Македонија и утврдува Листа на прифатени и рангирани предлог-проекти;

- дава предлог до Владата на Република Северна Македонија за утврдување на Конечна приоритетна листа на предлог-проектите за јавни инвестиции и

- разгледува полугодишни збирни извештаи за реализација на портфолиото на проекти за јавни инвестиции.

(2) Комитетот се состанува најмалку два пати годишно, а по потреба и почесто.

Член 5

Стручно-административните работи на Комитетот ќе ги врши Министерството за финансии.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-7685/8
23 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.